Република Северна Македонија
**Општина Крушево**

[redacted]

**ДО**
**Заинтересирани физички и правни лица**

Бр. 21-111/4-1

од 17.01.2024 година

Република Северна Македонија
Општина Крушево
ул. „Никола Ѓурковиќ" бр. 16 А
7550 Крушево

Тел. 048 477 061
E-mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
Web: www.krusevo.gov.mk

**Предмет: Известување за одржување на јавна презентација и јавна анкета**

Врз основа на член 50 и член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20 и бр.111/13), Ве известуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација за предлог Урбанистички план за село Алданци, Општина Крушево (плански период 2021 – 2031 година).

Границата на планскиот опфат го опфаќа селото Алданци, КО Алданци, Општина Крушево. Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 74,66 ха.

Јавната анкета се организира со излагање на планот во Центарот за информирање на граѓаните на Општина Крушево и во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот, а ќе трае 30 денови, почнувајќи од 18.01.2024 година до 16.02.2024 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, а ќе биде објавена и на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk.

Јавната презентација како стручно презентирање на планската документација се организира во рамките на јавната анкета и трае еден работен ден, а ќе се одржи на ден 30.01.2024 година, во 11:00 часот, во салата на Пензионерски дом Крушево.

Предлог Урбанистичкиот план за село Алданци, Општина Крушево (плански период 2021 – 2031 година) во печатена форма ќе биде истакнат во просториите на Центарот за информирање на граѓаните на општина Крушево и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево.

Сите заинтересирани субјекти, физички и правни лица во предвидениот рок, на анкетни листови ќе можат да ги доставаат своите забелешки, мислења и предлози по предлогот на планот. Анкетните листови можат да се подигнат во соба број 23 секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот.

***Изработил:***
***Елена Илиеска***

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**

**м-р Томе Христоски**